**Коментари по дадени мислења и забелешки по спроведена јавна расправа**

Согласно член 13 од Законот за електронските комуникации (службен весник на Република Македонија бр. 39/14, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19 и 92/21), Агенцијата за електронски комуникации отвори јавна расправа по Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година, при што се повикуваа сите заинтересирани субјекти да ги достават своите мислења и забелешки почнувајќи од 06.11.2023 во траење од 30 дена.

Пристигнатите мислења се дадени во прилог со Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година, Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година.

Како одговор на мислењата и забелешките го даваме следниот коментар:

*Агенцијата за електронски комуникации ги разгледа коментарите и забелешките, и информира дека тргнувајќи од активностите што ги извршува во рамките на својот делокруг на работа и во рамките на своите надлежности, а во согласност со Законот за електронски комуникации и прописите донесени врз основа на него, а се со цел истите да се рефлектираат во операционализација на целите на Законот, изврши проценка на расходите по расходни потставки кои се финансираат од приходи оставрени од надоместоците предвидени со Законот за електронски комуникации и соодветните подзаконски акти, воедно изврши проценка и на очекуваните приходи, и изврши пресметка на расходите и приходите за 2024 година.*

*Во однос на доставените коментари од Македонски телеком АД Скопје (дадени во прилог), го даваме следниов коментар:*

*Прашање: Подготовка на нова анализа на големопродажниот пазар за Централен пристап обезбеден на фиксна локација за производи за широка потрошувачка.*
*Одговор: АЕК се согласува со констатацијата на Македонски Телеком АД Скопје дека вкупниот бројот на претплатници на интернет услуги преку оптичка мрежа расте од година во година сепак таквиот пораст не може да се смета како пораст на бројот на претплатници само на еден одреден оператор на пазарот. Иако пазарниот удел помеѓу двата најголеми оператори на пазарот во вкупниот број на активни претплатници со фиксен пристап до интернет со широк опсег е само 4% различна е состојбата при анализата на пазарниот удел во бројот на претплатници исклучиво преку оптичка мрежа. Порастот на бројот на вкупните претплатници преку оптички мрежи кој што е евидентен од година во година во голема мера се должи и на останатите оператори на пазарот кои што исто така го зголемуваат нивниот број на претплатници преку оптички мрежи. Имено, доколку се анализира пазарниот удел на операторот А1 Македонија во вкупниот број на претплатници преку оптички мрежи во првиот квартал од 2023 година може да се дојде до заклучок дека тој е дури помал од 5% што несомнено покажува дека има други оператори на пазарот кои што имаат поголем пазарен удел.*

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

*Малиот пазарен удел на А1 Македонија беше и една од причините* поради која во последната анализа на пазарот за Централен пристап обезбеден на фиксна локација за производи за широка потрошувачка не му беше наметната регулација на пристапот преку FTTH.*

*Што се однесува до вашето барање за дерегулација на xDSL пристапот АЕК сака да истакне дека истиот преставува втора најкористена технологија на пазарот која е само неколку проценти помала од пристапот преку оптички мрежи и од тие причини беше регулирана во претходните анализи кои што беа изготвени на овој пазар. Истата состојба може да се забележи и доколку се анализира Извештајот за првиот квартал од 2023 година кој што е објавен на нашата веб страна.*

*Од друга страна пак бројот на претплатници на HFC DOCSIS 1.x, 2.0 драстично се намали низ години од причина што операторите кои што обезбедуваа услуги преку таквата технологија ги префрлаат нивните претплатници на HFC DOCSIS 3.0 технологијата која што евидентно расте од година во година.*

*Ваквото движење на пазарот и конкретната анализа на бројот на претплатници беше една од причините ~~поради која~~ операторот А1 Македонија беше регулиран само на DOCSIS 3.0 технологијата во последната анализа на овој релевантен пазар.*

*Покрај се горенаведено АЕК би сакала да истакне дека е во процес на изработка на новиот Закон за електронски комуникации кој во голема мера ќе се базира на одредбите, препораките и законските основи кои што се пропишани во Европскиот електронски комуникациски код. После изработката на новиот Закон, АЕК ќе пристапи кон следен сет на анализи на релевантните пазари во кои што несомнено ќе бидат вклучени и препораките според кои Регулаторните тела треба да ги мотивираат и охрабрат операторите во споделувањето на мрежните капацитети со цел намалување на трошоците за инвестирање како и подобрување на животната средина.*

*Прашање: Намалување на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции во мобилна служба во опсезите 900 MHz, 1800 MHz, 2100 MHz за 50% од 2024 година па натаму*

*Одговор: Треба да се има предвид фактот дека во Македонија пред воведување на 5G, АЕК направи значително намалување на годишниот надоместок за радиофреквенции. Во насока на олеснување на условите за воведување на 5G во Македонија, АЕК во 2021 го усвои новиот текст на Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции после спроведена јавна расправа на која покрај другите учествуваше и Македонски Телеком со негови коментари кои во најголем дел беа прифатени и имплементирани во текстот на Правилникот. Со новиот текст на овој Правилник се предвидува намалување на висината на годишниот надоместок во однос на претходниот Правилник и тоа за 50 % за операторите кои ќе користат радиофреквенции во радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.6 GHz и за 75 % за користење на радиофреквенции од опсегот 26 GHz во копнено мобилна служба и за 50 % за фреквенции од опсегот 70 GHz во фиксна служба. Со ваквиот начин на пресметка на годишен надоместок Македонија е единствена држава во Европа каде што годишниот надоместок за радиофреквенциите во 700 MHz е понизок од оној за 800 MHz со што значително се олеснува воведувањето на 5G.*

*Што се однесува до останатите опсези за Копнено мобилна служба, многу е важно да се знае дека законското решение за продолжување на важноста на Одбренијата во Македонија не предвидува плаќање на нов еднократен надоместок како што е тоа случај во останатите држави во Европа. Па така во изминатиот период, конкретно во 2018 Македонски Телеком побара продолжување и доби продожување во времетраење од 10 години на Одобрението во 900 MHz и на Одобрението во 2100 MHz до 2028, а во 2019 на*

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

*Одобрението во 1800 MHz до 2029 без да плати еднократен надом[illegible]ва предвид Македонија е сепак сеуште многу поефтина држава за инвестирање во Копнено мобилна служба од останатите држави во Европа па средствата кои операторите не ги плаќаат за продолжување на нивните Одобренија како еднократен надоместок слободно можат да си ги пренаменат во инвестиции во нивните мрежи.*

*Прашање: Намалување на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции во фиксна служба во опсезите IP MW (10-30 GHz), V-band (60 GHz) и E-band (71-76 GHz, 81-86 GHz) за 10 пати од 2024 година па натаму*

***Одговор:** Коментарот на МТ делумно се прифаќа, при што Агенцијата во текот на 2024 година повторно ќе изврши намалување на надоместокот за користење на радиофреквенции во повисоките опсези (60 GHz и 70 GHz).*

*Прашање: Во неадминистративни трошоци кои го оптоваруваат буџетот на АЕК е износот кој се издвојува за Оперативно-техничката агенција ОТА.*

*Одговор:Во моментов финансирањето на Оперативно-техничката агенција ОТА е регулирано со законско решение како што е предвидено во член 29-а од Законот за електронските комуникации (ЗЕК). Имајќи предвид дека за спроведување на ЗЕК целосно е одговорен АЕК, следи дека и членот 29-а од истиот закон ќе се спроведува се до оној момент кога законодавецот ќе направи соодветни измени и дополнувања или ќе донесе целосно нов закон.*

*По спроведената јавна расправа по Измените и дополнувањата на Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година, во Финансискиот план за 2024 година направени се минимални корекции во расходните категории 441 Потрошена енергија, и 441 Опрема, со промена на вредносни позиции со ефект намалување- зголемување од 1.500.000,00 денари респективно.*

Со почит,

Раководител на Сектор за финансии
Владимир Велкоски

Директор
Jeton Akiku

Наш број: 0508-35/11
Скопје, 06. 12. 2023

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ